# БАЛКАНОТ НИЗ ТЕАТАРСКА ИГРА

## Гоце Ристовски




# 5 години

**Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка**

Крива Паланка, 2014

**5 години**

**Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

792.091(497.722)"2013"

РИСТОВСКИ, Гоце
Балканот низ театарска игра : меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" - Крива Паланка / Гоце Ристовски ; [фотографија Ѓорѓи Костовски]. - Крива Паланка : Општина Крива Паланка, 2014. - 47 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-9844-5-7

а) Меѓународен театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски" - Крива Паланка

COBISS.MK-ID 95863818



Растев во време кога моите сограѓани ја создаваа препознатливоста на кривопаланечката чаршија, ги овековечуваа настаните, ги пренесуваа обичаите, ја презентираа културата на градскиот живот, а срцата на кривопаланчани се исполнуваа со убавина и гордост. Препознатливоста на еден народ, нација, па ако сакате, и град е токму во културата, а ова е дел од културата на Крива Паланка која беше заспана 30 години, ја разбудивме и нема да дозволиме повторно да заспие.

**Арсенчо Алексовски,**
**градоначалник на Крива Паланка**







# НОВ КУЛТУРЕН БРЕНД НА КРИВА ПАЛАНКА

*(реч на отворањето на петтиот меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" )*

Велат убавината, не е во она што го гледаме, туку во она што го чувствуваме додека гледаме. Гледајќи ја вечерва оваа исполнета сала, во исчекување на креативното претставување на драмските уметници, исполнет сум со чувството на успехот и зрелоста, кој во изминатите 4 изданија ги постигна меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски". Гледајќи го, убавиот и импозантен почеток, кревањето на фестивалското знаме, гледајќи со кои се претстави ќе бидат исполнети овие вечери на театарскиот фестивал, полн сум со гордост што можам да кажам дека Крива Паланка денес е културно средиште на етаблирани театарски куќи од регионот.
Петгодишниот јубилеј е најголема потврда за нашата верба и упорност да создадеме квалитетен културен производ, кој ќе го привлекува мултикултурниот театарски израз и ќе ја поттикнува уметничката слобода на актерското делување. Тоа едноставно докажува дека вреди да вложуваш во она што вреди да го имаш. Во овие пет години на растеж и афирмација, на самопотврдување на автентичната театарска матрица, меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" прерасна во нов културен бренд на Крива Паланка, кој претендира на се повисоки уметнички дострели во земјава и пошироко. Оваа манифестација уште од првото издание го премина прагот на анонимноста и стана препознатлив празник на славење на театарот меѓу блиските народи, кои се нераскинливо поврзани со заедничкото културно, јазично и историско делување и надградување.
Во изминатите години фестивалската програма постојано се збогатуваше со се поквалитетна продукција, а денес можеме да се пофалиме дека кривопаланечката театарска сцена е доволно примамлива за најреномираните театарски ансамбли и звучни театарски имиња од целиот регион.



Како иницијатор за востановувањето на тетарскиот фестивал, можам да истакнам дека тој на некој начин ги отвори вратите за подемот на културата и уметноста во Крива Паланка, која дотогаш беше на маргините на културните настани. Денес, меѓу бројните културни содржини, меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" е врв на уметничката кулминација, во која е втемелен нашиот идентитет, самобитноста и градската култура на живеење. Да се имаат на сцената култни претстави од театри од Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија, да се обедини Балканот низ театарската игра, значи дека постигнавме еден нов културен успех. Благодарение на нашите заложби и ангажмани успеавме да направиме културно милје достојно за граѓаните. Вие почитувани сограѓани, вие сте сведоци дека за само неколку години Крива Паланка доживеа невиден културниот подем, заради што и заслужено го доби епитетот на културна престолнина во државата за 2013 година.
Можеби е малку нескромно, но сепак, во оваа прилика, сакам да истакнам дека навистина се гордеам со тоа што како градоначалник иницирав за прв пат во нашата општина одржување на една ваква културна манифестација – меѓународен театарски фестивал – и сметам дека ќе се сложите - не згрешив,- тој еве оваа година има и мал јубилеј - петгодишно постоење.
Секако во оваа прилика сакам да искажам голема благодарност до доајенот на театарската уметност г-ѓата Милица Стојановска, до актерот Страшо Милошевски кој е овогодишен лауреат на фестивалот, како и до сите оние кои несебично учествуваа во организацијата на досегашните фестивали.
Културата на еден народ е израз на неговата препознатливост и постоење. Затоа, нека и ова петто издание на меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" биде недела за уживање во уметноста и празник за љубителите на театарот.

Да ни е честит јубилејот и успешна фестивалска слава.





















**ДРАГАН НЕДЕЉКОВИЌ, ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА КУЛТУРА ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ЕПИЦЕНТАР ВО КОЈ СЕ ПРЕМРЕЖУВААТ КУЛТУРНИ ЗБИДНУВАЊА

*(реч на затворањето на петтиот меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" )*

Почитуван Градоначалник Арсенчо Алексовски
Почитувани уметници
Почитувани љубители на театарската уметност

Чувствувам неизмерна чест и задоволство што вечерва можам да ве поздравам на самиот крај на уште едно успешно издание на еден од најреномираните театарски фестивали во нашата земја театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски" и да им се заблагодарам на сите оние што се вградија себеси во овој фестивал, дарувајќи му љубов и долготрајност. Цели пет години, театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски" е место што ги обединува визуелните импресии и пораки на сценскиот говор, како интерактивен подиум на кој дефилираат најеминентните имиња на денешната современа македонска и балканска театарска сцена, презентирајќи извонредни драмски остварувања, квалитетни и етстески издржани претстави, кои особено го афирмираат драмското творештво.
Во рамките на манифестацијата Крива Паланка - град на културата за 2013 година, овогодинешниот осумдневен театарски кампус ни понуди настапи на осум театри од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија и домаќинот Македонија, при што продефилираа 46 актери кои пред публиката манифестираа интензивен и восхитувачки квантум на творечка енергија. Одекот на креациите на плејадата актери ги надополнија вредностите од минатото, вклопени во уметничката креација на сегашноста со интензивен континуитет на творечка енергија, која најголемите медијатори, уметниците, ја размения на овој простор. Несомнено дека градејќи се себеси, фестивалот го позиционираше и градот Крива Паланка како епицентар во кој се премрежуваат културни збиднувања и настани и трајно го определи како простор за вонредна креација и впечатливи актерски остварувања. Убеден сум дека љубителите на театарската уметност, уживаа во годинешната фестивалска програма на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски", која на пробирливата театарска публика и овозможи многу творечки катарзи.

Трајните вредности и нивното негување се од особен интерес за Министерството за култура на Република Македонија. Токму затоа наша заедничка обврска е и во иднина да ги вложиме сите своите напори, овој реномиран театарски фестивал да остане забележан на европската културна мапа, да продолжи да биде место каде што чесно и објективно ќе се вреднува вложената енергија и креативниот напор во создавањето на можеби најблагородниот чин на творечкиот дух-театарската претстава. Дозволете ми уште еднаш, да ги поздравам залагањата на тимот што го реализира овој фестивал, воедно да му ја честитам наградата на овогодишниот лауреат - познатиот македонски актер Страшко Милошевски - и со задоволство да го најавам настапот на Уметничката работилница „Призор", од Белград, Република Србија, која со претставата „Ѕвезди и таленти" по мотив од емисијата Боинг-Боинг на Марко Камелоти, ќе го заокружи ова фестивалско издание. Посакувајќи уште многу идни успешни фестивалски изданија, ве повикувам заеднички да и се препуштше на театарската магија и да го проследиме настапот на гостите од Република Србија.

Ви благодарам.





## ЛИЛЈАНА СТОЈАНОВСКА

# ДА СЕ РАЗБУДИ ЗАСПАНАТА УРБАНА КУЛТУРА

Меѓународниот театарски фестивал „Св.Јоаким Осоговски" е востановен во 2009 година, по иницијатива на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, г-дин Арсенчо Алексовски и е под покровителство на Општина Крива Паланка. Основен мотив за организирање на овој фестивал, кој си го добива своето место, на паланечката, па и на пошироката културна сцена беше да се разбуди заспаната урбана култура на градот, која треба да ја негуваме и зачуваме во интерес на нејзино натамошно пренесување на идните генерации.

Истовремено преку презентација на театарската уметност пред локалната јавност, општината дава посебен придонес да се постават темелите на кривопаланечката театарска уметност и да се промовираат и етаблираат локалните театарски вредности и потенцијали, преку дружењето на младите таленти со професионални актери од земјата и странство.

Меѓународниот театарски фестивал е и извонредна можност за културна презентација на општината и дополнителна атракција за туризмот, чиј што развој е еден од приоритетите на општината.

Востановен е веќе традиционален термин за одржување на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски", од 15 до 22 септември во тековната година, а се одржува во салата при Националната установа – Центар за култура во Крива Паланка.

Во изминатите пет години учесници на театарскиот фестивал беа театри од збратимените градови – Народен театар „Стерија, Вршац, Република Србија, Народниот општински театар „Невена Коканова" од Дупница и Народниот општински театар од Ќустендил, Република Бугарија, како и Народен театар „Бора Станковиќ" од Врање, Р. Србија, Градскиот театар од Градишка и народнито театар „Јазавац"- Босна и Херцеговина, Театарот „Призор" од Белград - Р. Србија, културнит центар ,,Акорд"од Никшиќ, Р. Црна Гора, домашните театри, Народниот театар од Охрид, Народниот театар Ј.Х-К.Цинот од Велес, Културниот центар „Скрб и утеха" од Скопје, Народниот театар од Штип, Народниот театар „Војдан Чернодрински" од Прилеп, Драмскиот театар од Скопје и Драмското студио при НУ Центар за култура Крива Паланка.

Преполната сала во сите изминати пет фестивалски изданија покажа дека кривопаланчани умеат и сакаат да живеат со театар, дека се достојна и верна публика, љубопитна и жедна за секоја нова драмска приказна. Програмите на квалитетни театарски остварувања ја потврдија заложбата на тимот од Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски", на чело со градоначалникот Арсенчо Алексовски, како идеен творец на овој амбициозен проект, фестивалот да има прогрес, да расте од година во година и да создава свој идентитет.

Тоа впрочем го потврдија и сите досегашни учесници на фестивалот со нивните комплименти и воодушевувања од прекрасниот прием, како од публиката така и од организаторите и посакаа пак да бидат учесници на наредните фестивалски изданија, ветувајќи нови и интересни драмски изведби.

Меѓународниот театарски фестивал ,,Свети Јоаким Осоговски" секоја година доделува награда за особен придонес во македонската театарска уметност и култура. Досегашни лауреати беа: Милица Стојановска, Зафир Хаџиманов, Петар Темелковски, Шенка Колозова и Страшко Милошевски.

Така,фестивалот полека но сигурно го пробива патот на сопственото тетарско вообличување и континуиран подем со абмиција да прерасне во препознатливо и престижно културно збиднување.

## М-Р ГОЦЕ РИСТОВСКИ

*(кон петтиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка)*

Од 15 до 22 септември во Крива Паланка, по петти пат, се одржа Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски", во рамките на кој беа изведени осум претстави со театри од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Бугарија.

Одбележувајќи мал јубулеј, петгодишнина од востановувањето, фестивалот понуди богата и разновидна тетарска програма на задоволство и на публиката и на учесниците, а на завршната вечер на актерот Страшко Милшевски му беше врачена наградата „Свети Јоаким Осоговски". Во таа пригода лауреатот се претстави со избор од современото македонско поетско творештво, а реч за него одржа м-р Трајче Кацаров.

Како придружна активност беше промовирана книгата „Театарот како елитна и масовна култура" од проф. м-р Тихомир Стојановски за која зборуваше м-р Гоце Ристовски.

Меѓународниот театарски фестивал, кој беше востановен во 2009 година по иницијатива на градоначалникот на Крива Паланка Арсенчо Алексовски, а под покровителство на Општината и во соработка со НУ Центар за култура од Крива Паланка, е единствен според својот концепт како ревијална манифестација во Република Македонија. Нема натпреварувачки карактер, а за учесниците единствена награда е аплаузот на публиката и потврденото гостопримство на кривопаланчани.

Меѓутоа, со својот специфичен белег, во текот на изминатите пет години, се наметна како една од престижните театарски манифестации на културната мапа на нашата земја, а кривопалнечката театарска публика му даде безрезервна подршка.

Честа да го отвори петтото фестивалско издание му припадна на Драмскиот театар од Скопје со претставата „Грев или шприцер", култен драмски текст на Сашко Насев во современиот македонски театар, во режија на Дејан Дамјановски. Автор на музиката е Венко Серафимов, сценограф Филип Јовановски, а костимограф Билјана Каран.

Оваа драма за обичните луѓе, за страста и неправдата, за гревот, за љубовта и за брзината со која одминува животот, како што ја дефинира авторот Сашко Насев, ја воодушеви публиката во преполниот салон. Гледачите се забавуваа, реагираа на отворена сцена, а на крајот со долготраен аплауз ги поздравија исклучителните остварувања на потврдените актерски мајстори Драган Спасов-Дац како Крсто Шприцер, Зоран Љутков како Миле Поштарот, Ана Стојановска како Беба, Мартин Јордановски како Тони Џанго и Црни, Сашо Тасевски како Бугарот, Маја Вељковиќ-Пановска како Мими, Роберт Вељановски како Перо Тренерот и Билјана Драгиќевиќ- Пројковска како Управничката на домот.

Втората фестивалска вечер се претстави Народниот театар „Јазавац" од Бања Лука, Босна и Херцеговина, со пиесата „Пост машки стрес" работена по текст на Душко Радовиќ, во драматизација и адаптација на Марио Ќулим и сценографија и костимографија на Драгана Пурковиќ Мацан. Во овој театарски проект, за чија успешност придонесува и музиката на Дејан Илиќ и Дејан Зориќ, блескаа актерките Сандра Љубојевиќ и Драгана Мариќ, „принудувајќи" ги гледачите на гласна смеа па и спонтани коментари.

**МЕСТО ШТО ГИ ОБЕДИНУВА ВИЗУЕЛНИТЕ ИМПРЕСИИ**

Нивната игра со висок енергетски набој, со исклучителна пластичност и дикција, прецизна и шармантна, понесена од прекрасниот текст на Друшко Радовиќ и искрената реакција на публиката беше уште една потврда за квалитативното ниво на меѓународниот театарски фестивал во Крива Паланка.

Народниот театар „Стерија" од Вршац, Србија, на третата фестивалска вечер, ја изведе „Малограѓанска свадба" од Бертолд Брехт во режија на Александар Швабиќ кој е и костимограф и сценограф. Всушност, станува збор за дипломска претстава на младиот, евидентно талентиран и едуциран Швабиќ, со кореографија на Бојана Мишиќ и музика на Момир Цветковиќ и Иван Антиќ.

Видовме ангажирана и актуелна претстава што публиката повеќе ја прифати како забава, понесена од актерската игра на овој високо професионален театарски ансамбал, предводен од Драган Џанкиќ, како Таткото на невестата. Несомнено моќната актерска екипа: Вања Јањиќ (Невестата), Срѓан Радивојевиќ (Младоженецот), Јованка Божиќ (Сестрата на невестата), Соња Радосављевиќ (Мајката на невестата), Бојан Белиќ (Пријтелот), Тамара Тамчи Тоскиќ (Жената) и Иван Ѓорѓевиќ (Нејзиниот маж) следејќи ги режисерските замисли гради стамбена „театарска кула" со современа релевантност во духот на Брехт, која со „згуснувањето", по уште неколку сценски „превривања", и забрзувањето на темпото ќе зрачи со уште поголема сугестивност.

„Да ги смениме жените", претстава на уметничката работилница „Призор", работена по мотив на Бродвејскиот хит „Си ја сакам жената" на текст и во режија на Раде Вукотиќ, а која како матична ја користи сцената на театарот „Славија" во Белград, ги насмеа гледачите, на моменти изнудувајќи ги нивните воздишки. Гледачите искрено се забавуваа на четвртата фестивалска вечер, понесени од играта на симпатичната актерска екипа: Мина Лазаревиќ, Ивана Кнежевиќ и Срѓан Ивановиќ и популарниот Милан Калиниќ. Видливо, задоволството беше обострано – професионалните белградски актери инспирирани од спонтаните реакции на гледачите се надигрувaа и „надмудруваа" на сцената. Притоа запазувајќи го компактното јадро на претставата, како што им прилега на вистински професионалци, ја водеа и пренасочуваа публиката како вода во вада.

Културниот центар „Акорд" од Никшиќ, Црна Гора, петтата фестивалска вечер, се претстави со „Рима", пиеса работена по текст на Николај Кољада, во адаптација и режија на Драган Кнежевиќ кој се погрижил и за сценографијата, костимографијата и музиката.

Воодушевува одважноста и храборста на театарските ентузијасти од Никшиќ да се зафатат со сложената драмска структура на Кољада која е „крупен залак" и за професионални ансамбли. Тие сосема коректно ја пласираат приказната за Рима, за луѓето заборавени „и од Бога и од Ѓаволот", за маргините на животот на кои се втурнати луѓе со срце, ум и разум. Се чини доколку буквалниот „прочит" на текстот на Николај Кољада беше актуелизиран, надграден со доза на асцијативност, што ќе рече ако се наметнеше поангажирано резултатите ќе беа уште повпечатливи, а видливо вложениот труд на актерската екипа (Јелена Вилотијевиќ – Рима, Војо Мрваљевиќ - Максим, Андријана Јововиќ – Нина и Милан Бошковиќ- Виталиј) ќе беше поблагороден.

Гостите од Бугарија, од Народниот театар „Невена Коканова" од Дупница ја изведоа претставата „Како минав сношти", работена по мотив од „Идеална свадба" од Робин Хејдн, од авторите Светислав Пеев и Јури Ступел, а во режија на Светислав Пеев. Комедијата ја расположи публиката која уживаше и се забавуваше, воодушевувајќи се од играта на Николај Илчев како Џорџ, Иван Иванов како кумот Хари, Викторија Јанева како невестата Ребека, Ива Караманчева, како Марина, пријателка на Хари, Василка Сумева- Матилда, собарка во хотелот и Снежана Малковска - Лора, мајка на Ребека. Тетарот се игра за публика, а најголемата награда за учесниците во театарски проект е спонтаниот и искрен аплауз на публиката. Такво високо вреднување доби ансамблот од Дупница од најрелеватниот театарски критичар – публиката.

Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп пред кривопаланчани, во рамките на петтото издание на меѓународниот театарски фестивал "Свети Јоаким Осоговски", претпоследната фестивалска вечер, ја изведе хит претставата "Од кол на кол 1", во режија на Коле Ангеловски, работена по текст на Реј Куни. Посетителите се изнасмеаа и уживаа во интересните случки што се раскажуваат, а кои успешно ги пренесуваат актерите Трајче Иваноски, Виолета Чакарова, Цена Чавлеска, Андон Јованоски, Најдо Тодески, (Влатко Ѓорѓиоски и Наташа Наумовска) Марјан Чакмакоски и Димитар Вандески.

Хит-претставата, која е на репертоарот на прилепскиот театар пет години и досега се одиграла околу 90 пати ги воодушеви кривопаланчани и тие со долготраен аплауз го прифатија предлогот на актерите: в година, на следното фестивалско издание, да биде одиграно продолжението, претставата „Од кол на кол 2", исто така во режија на Коле Ангеловски, со безмалку истата актерска екипа.

Уметничката работлница „Призор", со својот втор настап, годинава го затвори петтото издание на меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски". За завршница, на задоволство на гледачите, беше изведена претставата „Ѕвезди и таленти" во адаптација и режија на Раде Вукотиќ, а по текст на Марко Камелоти. Лепомир Ивановиќ, Срѓан Карановиќ, Жарко Степанов, Ивана Поповиќ, Марина Воденичар и Катарина Борша ја воодушевија публиката со своите креации во комедијата која прекрасно комуницира со публиката, покажувајќи ги своите високи актерски можности и музички квалитети.

Се на се и ова фестивалско издание, како што потенцира градоначалникот Арсенчо Алексовски, ги оправда поставените цели – да одговори на културните потреби и барања на граѓаните на Крива Паланка, а годинава и со хуманитарна мисија, бидејќи собраните пари од билети ќе бидат искористени за хуманитарни цели.

Или, како што истакна Драган Недељковиќ, заменик министер за култура на Република Македонија, во својата реч на затворањето на фестивалот: „Пет години театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски" е место што ги обединува визуелните импресии и пораки на сценскиот говор како интерактивен подиум на кој дефилираат најеминетните имиња на денешната современа македонска и балканска театарска сцена, презентирајќи извонредни театарски остварувања, квалитетни и естетски издржани претстави кои особено го афирмираат драмското творештво."

# Хронологија

2009, 15.09 – Културен центар „Скрб и утеха", Скопје и НТ „Ј.К. Џинот", Велес, Македонија
ЧЕРНОДРИНСКИ ЕКСПРЕС
Тихомир Стојановски
режија: Јордан Витанов
Актери: Слободанка Чичевска, Јордан Витанов, Страшко Милошевски, Едмонд Сотир, Тихомир Стојановски

2009,16.09-Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
ЉУБОВТА НА ЏОРЏ ВАШИНГТОН
Миро Гавран
Режија: Вања Поповиќ
Музика: Ацо Доганџиќ
Актери: Љиљана Јоловиќ- МАРТА, Дојна Петровиќ – СИЛВИЈА,

2009,17.09-Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
СОН ИЛИ ПРИВИДЕНИЕ НА ЈОВАНКА БРОЗ
Филип Радуловиќ
Режија: Бојана Малкановиќ Удички
Сценографија: Живојин Марковиќ
Костимографија: Јадранка Мојсин
Актери: Бојана Малкановиќ Удички – ЈОВАНКА БРОЗ, Соња Радисављевиќ – ГРЕТА, Аница Арсиќ – ПИЈАНИСТКА, Бојан Стефановиќ –ГЛАСОТ НА ТИТО, Миленко Гвоздиќ – СПИКЕР

2009,18.09 - Општински драмски театар „Невена Коканова", Дупница, Бугарија
КАКО ПИСАРОТ ТРИЧКО ЈА ОЖЕНИЛ ЦАРЕВАТА ЌЕРКА, СО КИТКА НАКИТЕНА
Никола Русев
Режија: Јонко Цонев
Сценографија: Стојан Цилвицки Танани
Костимографија: Воин Воинов
Актери: Светослав Пеев - ПИСАРОТ ТРИЧКО , Веселин Цанев - ЦАРОТ, Елена Параланова – ЦАРИЦА, Снежана Малковска - ЦАРЕВАТА КЕРКА, Георги Бојамиев – ВЕЗИР, Николај Тодоров - АШЛАКОТ МЕТО, Иваи Иванов - МОМЧЕТО ТРГОВЕЦ, Василка Шумева – ЧУВАР

2009,19.09 - Општински драмски телтар, Ќустендил, Бугарија
БАКНИ МЕ
Ана Петрова
Режија: Минчо Собев
Сценографија: Ема Ванкова
Актери: Бисер Маринов, Стела Здравкова, Адриана Петрова, Александра Братанова, Асен Диков, Златко Митрески

2009,20.09 - Драмско студио при НУ Центар за култура Крива Паланка, Македонија
ОТЕЦОТ И НИЕ
Тихомир Стојановски
Режија: Страшко Милошевски
Актери: Александар Ристовски - СВ. КИРИЛ, Филип Стојановски - СВ. МЕТОДИЈА, Ненад Стефановски - СВ. ПАВЛЕ, Дениција Стојановска – МАКЕДОНИЈА, Кристијан Ангеловски - АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ, Наташа Јанковска –ЛИДИЈА, Фросина Андоновска – САМОВИЛА, Ванеса Митоеска –САМОВИЛА, Страшко Милошевски – ОТЕЦОТ

2010, 15.09 - Културен центар „Скрб и утеха" и Народен театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот", Велес, Македонија
МУШИЧКА
Аџело Беолко – Руцанте
Режија и избор на музика: Никола Ристов
Сценографија: Дејан Трипуновски, Никола Ристов
Костимографија: Маја Кикириткова
Актери: Зоран Љутков, Јордан Витанов, Зорица П. Панчиќ, Едмонд Сотир, Слободакка Чичевска, Кирил Гравчев, Јован Рибарски, Димитар Глушков

2010, 16.09- Општински драмски театар, Ќустендил, Бугарија
ЖЕНСКО ЦАРСТВО
Ст. Л. Костов
Режија: Димитар Стојанов
Актери: Стела Стојанова, Чавдар Ненов, Адриана Петрова, Јорданка Полмилацкова, Пламен Сираков, Асен Диков, Борис Велков

2010, 17.09-НУ Центар за култура „Ацо Шопов", Народен театар Штип, Македонија
ТЕЛЕГРАМА
Катерина Момева
Режија: Никола Ристов
Актери: Слободанка Чичевска, Страшко Милошевски

2010, 18.09- Драмско студио при НУ Центар за култура Крива Паланка, Македонија
БЛЕДИЦА
Васе Манчев
Режија: Глигор Цветковски
Актери: Дениција Стојановска, Кристијан Алексовски, Фросина Андоновска, Викторија Станковска, Стефан Спасовски, Сандра Стојановска

2010, 19.09- Општински драмски театар „Невена Коканова", Дупница, Бугарија
ВЕЧЕРА ЗА ГЛУПАЦИ
Франсис Вебер
Режија: Јанко Цонев
Актери: Христо Грбов, Иван Иванов, Василка Шумева, Георги Бијаџиев, Ива Караманчева, Георги Костадинов

2010, 20.09- Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
ЕМИГРАНТИ
Славомир Мрожек
Режија: Мирослав Бенка
Костимограф: Иван Џорџевиќ, Павле Петровиќ

2010, 21.09- Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
ЖЕНСКИ ТАЈНИ
Јадранка Ќулум
Режија: Тибор Вајда
Актерка: Соња Радосављевиќ

2011,15.09- Културен центар „Скрб и утеха", Скопје, Македонија
ЏАМАЛАРИ ДИОНИС
Тихомир Стојановски
Режија: Страшко Милошевски
Актери: Тихомир Стојановски, Страшко Милошевски

2011,15.09- Градски театар „Јазавац", Бања Лука, Босна и Херцеговина
КАКО ДА СЕ УБИЕ СОПРУГАТА И ЗОШТО
Антонио Амури
Режија: Жељко Степановиќ
Сценограф: Нина Поповиќ
Костимограф: Нина Поповиќ
Избор на музика: Жељко Стјепановиќ
Визуелен идентитет: Немања Миќевиќ
Мајстор на светло: Саша Шуман
Улоги: Марина Воденича, Марио Лукаиќ

2011,16.09-НУ Центар за култура „Ацо Шопов", Народен театар Штип, Македонија
ЕТИ ЈА СПАСУВА ТЕРА
-детска претстава –
Автор: Трајче Кацаров
Актер: Страшко Милошевски

2011,17.09- НУ Центар за култура „Ацо Шопов", Народен театар Штип, Македонија
ФОРТИНБРАС Е ПИЈАН
Јануш Гловацки
Режија: Синиша Ефтимов
Актери: Владимир Тупиев, Пеце Ристовски, Миле Вратеовски, Елена Сорава, Ефтим Трајчов, Милорад Ангелов

2011,18.09- Културен центар „Акорд", Никшиќ, Црна Гора
ЛЕСНО ПАРЧЕ
Небојша Ромчевиќ
Режија и адатација: Драган Кнежевиќ
Костимографија:Радуле Лаловиќ
Актери: Владимир Ковачевиќ- ЃОРЃЕ, Милена Васиљевиќ –СЕКА,Тијана Никчевиќ- ТЕТКА ДОРА, Веселин Љешковиќ-ТЕТИН РАДЕ, Мило Вучиниќ – ДРОГИРАН КРЕТЕН, Војо Мрваљевиќ – ГОСПОДИН, Милош Радош – ХАРМОНИКАШ, Синиша Кадовиќ- ГИТАРИСТ

2011,19.09- Општински драмски театар „Невена Коканова", Дупница, Бугарија
КВАРТЕТ ЗА ДВАЈЦА
Анатолиј Крим
Режија и сценографија: Михаил Саказов
Актери: Георги Бојаџиев, Василка Сумева, Ива Караманчева, Снежана Малковска

2011,20.09- Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
СТАМЕНА И ГОРЧИЛО
Стеван Николиќ
Режија: Тибор Вајда
Мајстор на тон: Драгослав Добросавњевиќ
Актери: Соња Радосављевиќ, Бојан Белиќ, Олга Назариќ

2011,21.09- Драмско студио при СОУ „Ѓорче Перов", Крива Паланка, Македонија
КАМЕН НА МОЈАТА МЛАДОСТ
режија: Лиле Стојановска, Зорица Давитковска, Елена Јакимовска
Актери: Членови на Драмското студио

2012,15.09- Културен центар „Акорд", Никшиќ, Црна Гора
УМОРНИ
Небојша Ромчевиќ
Директор, музика: Драган Кнежевиќ
Режија: Светозар Бајовиќ
Актери: Војо Мрваљевиќ –ЈОКИЦА, Владимир Ковачевиќ- МИЛЕ, Јелена Јосиковац-РАДА, Јелена Вилотиевиќ- ЉУБОВНИЦА, Милан Бошковиќ-МОЌЕН ЧОВЕК, Драгана Пајовиќ – СОПЕРНИЧКА, Мило Вучиниќ-ЗАЛУТАН РЕПОРТЕР, Данијел Чолевиќ- НЕПОЗНАТ ЧОВЕК, Никола Канкарош-КЕЛНЕР,

2012,16.09- Народен театар „Бора Станковиќ", Врање, Србија
ЖЕНСКИ РАЗГОВОРИ
Душко Радовиќ
Режија, сценографија, костимографија и музика: Небојша Дугалиќ
Актери: Радмила Ѓорѓевиќ, Жетица Дејановиќ, Тамара Стошиќ, Милена Стошиќ, Кристина Јањиќ

2012,17.09-Градски театар Градишка, Босна и Херцеговина
НЕ ИГРАЈ НА АНГЛИЧАНИТЕ
Владимира Ѓурѓевиќ
Режија: Душко Лончар
Сценографија: Радован Вукосав
Костимографија: Драшко Видовиќ
Актери: Златан Видовиќ, Ѓорѓе Јанковиќ, Адмир Мешиќ

2012,18.09- Општински драмски театар „Невена Коканова", Дупница, Бугарија
ГОПОДИН БАЛКАНСКИ
Георги Данаилов
Режија: Некола Петков
Сценографија: Георги Славков
Композитор: Јури Ступел
Актери: Ивајло Колојанчев, Веселин Цанев, Иван Иванов, Светислав Пеев, Николај Илчев, Георги Бојаџиев, Љуба Пашова, Василка Сумева, Снежана Малковска

2012,19.09- Уметничка работилница „Призор", Белград, Србија
ЛОВЦИ НА МИРАЗ
Душко Радовиќ
Режија: Раде Вукотиќ
Музика: Мирољуб Аранѓеловиќ-Расински
Актери: Иван Бекјарев, Катарина Марковиќ, Срѓан Карановиќ, Лепомир Ивковиќ, Бојан Лазаров, Раде Вукотиќ, Марко Марковиќ

2012,20.09- Народен театар Охрид, Македонија
АЈДЕ ДА СИ РЕЧЕМЕ УШТЕ ЕДНА
Режија: Андреј Цветановски
Актери: Горан Стојановски, Јасмина Билаловиќ, Никола Тодороски, Стрезо Стаматовски, Адријана Билаловиќ, Ивица Цонев, Билјана Билаловиќ, Игор Георгиев

2012,21.09- Народен театар „Стерија", Вршац, Србија
ДАЛИ ТОА БЕШЕ ПТИЦА
Ефраим Кишон
Адаптација,режија, музика, сценографија и костими: Филип Марковиновиќ
Актери: Соња Радосављевиќ, Иван Ѓорѓевиќ, Драган Џанкиќ, Бојана Удицки, Павле Петровиќ, Диана Петровиќ

2012,22.09- Македонски народен театар, Скопје, Македонија
ПОСЛЕДНИТЕ МАКЕДОНЦИ
Автори: Сашо Миленковски,Тихомир Спировски, Велика Стојкова-Серафимовска, Бојан Трифуновски, Љупчо Маневски, Снежана Балканска, Венко Серафимов
Актери: Билјана Беличанец-Алексиќ, Билјана Драгичевиќ-Пројковска, Снежана Балканска, Трајанка Илиева, Рубенс Муратовски,Зоран Љутков, Игор Ангелов

2013,15.09-Драмски театар, Скопје, Македонија
ГРЕВ ИЛИ ШПРИЦЕР
Сашко Насев
Режија: Дејан Дамјановски
Автор на музиката: Венко Серафимов
Сценограф: Филип Јовановски
Костимограф: Билјана Каран
Актери: Драган Спасов-Дац- КРСТО ШПРИЦЕР, Зоран Љутков- МИЛЕ ПОШТАРОТ, Ана Стојановска-БЕБА, Мартин Јордановски- ТОНИ ЦАНГО и ЦРНИ, Сашо Тасевски-БУГАРОТ, Маја Вељковиќ-Пановска- МИМИ, Роберт Вељановски-ПЕРО ТРЕНЕРОТ, Билјана Драгиќевиќ- Пројковска-УПРАВНИЧКАТА НА ДОМОТ

2013,16.09-Народниот театар „Јазавац” од Бања Лука, Босна и Херцеговина
ПОСТ МАШКИ СТРЕС
Душко Радовиќ
Драматизација и адаптација: Марио Ќулум
Сценографија и костимографија: Драгана Пурковиќ Мацан.
Музика: Дејан Илиќ и Дејан Зориќ
Актерки: Сандра Љубојевиќ, Драгана Мариќ

2013,17.09-Народен театар „Стерија”,Вршац, Србија
МАЛОГРАЃАНСКА СВАДБА
Бертолд Брехт
Режија, костимографија и сценографија: Александар Швабиќ
Кореографија: Бојана Мишиќ
Музика: Момир Цветковиќ и Иван Антиќ.
Актери: Драган Џанкиќ- ТАТКОТО НА НЕВЕСТАТА, Вања Јањиќ –НЕВЕСТАТА, Срѓан Радивојевиќ – МЛАДОЖЕНЕЦОТ, Јованка Божиќ-СЕСТРАТА НА НЕВЕСТАТА, Соња Радосављевиќ- МАЈКАТА НА НЕВЕСТАТА, Бојан Белиќ- ПРИЈАТЕЛОТ, Тамара Тамчи Тоскиќ –ЖЕНАТА, Иван Ѓорѓевиќ-НЕЈЗИНИОТ МАЖ

2013,18.09-Уметничката работилница „Призор”, Белград, Србија
ДА ГИ СМЕНИМЕ ЖЕНИТЕ
по мотив на Бродвејскиот хит „Си ја сакам жената”
Текст и режија: Раде Вукотиќ
Актери: Мина Лазаревиќ, Ивана Кнежевиќ, Срѓан Ивановиќ, Милан Калениќ

2013,19.09-Културен центар „Акорд”,Никшиќ, Црна Гора
РИМА
Николај Кољада
Адаптација и режија, сценографија, костимографија и музика: Драган Кнежевиќ
Актери: Јелена Вилотиејвиќ – РИМА, Војо Мрваљевиќ – МАКСИМ, Андријана Јововиќ – НИНА, Милан Бошковиќ- ВИТАЛИЈ

2013,20.09- Народен театар „Невена Коканова”, Дупница, Бугарија
КАКО МИНАВ СНОШТИ
по мотив од „Идеална свадба” од Робин Хејдн, од авторите Светислав Пеев и Јури Ступел
Режија: Светислав Пеев
Актери: Николај Илчев- ЏОРЏ, Иван Иванов- КУМОТ ХАРИ, Викторија Јанева-РЕБЕКА, Ива Караманчева-МАРИНА, пријателка на Хари, Василка Сумева-МАТИЛДА, собарка во хотелот, Снежана Малковска-ЛОРА, мајка на Ребека

2013,21.09-Народен театар”Војдан Чернодрински”, Прилеп, Македонија
ОД КОЛ НА КОЛ 1
Реј Куни
Режија: Коле Ангеловски
Актери: Трајче Иваноски, Виолета Чакарова, Цветанка Чавлеска, Андон Јованоски, Најдо Тодески, Марјан Чакмакоски, Димитар Вандески

2013,22.09-Уметничка работлница „Призор”, Белград, Србија
ЅВЕЗДИ И ТАЛЕНТИ
Марко Камелоти
Адаптација и режија: Раде Вукотиќ
Улоги: Лепомир Ивановиќ, Срѓан Карановиќ, Жарко Степанов, Ивана Поповиќ, Марина Воденичар, Катарина Борша

# ЛАУРЕАТИ НА НАГРАДАТА ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО МАКЕДОНСКАТА ТЕАТАРСКА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

## ЗАФИР ХАЏИМАНОВ

Зафир Хаџиманов е роден 1943/12/25 година во Кавадараци, Македонија. Син на Васил (Магистер по фармација и етномузиколог. Зад себе Васил Хаџиманов оставил над 5000 записи од македонски изворни песни) и мајката Вера ( домаќинка). Средно училиште и музичко училиште завршува во Скопје, каде што ги направи првите успешни професионални чекори во светот на театарот и музиката. Во 1962 година се запишува на Факултетот за драмски уметности во Белград и во 1967 година дипломира со одличен успех во класата на проф. Мата Милошевиќ. Како студент постигнува исклучителни успеси како во театарот така и во светот на филмот и шоу бизнисот. Ги освојува своите први значајни авторски и интерпретаторски награди на скоро сите тогашни југословенски фестивали во Белград, Загреб, Опатија, Сплит, Скопје ... и на меѓународните фестивали во Сопот, Полска и Варадеро, Куба. Ги толкува главните Актери во филмовите “ Нож “ на Жика Митровиќ и “Македонска крвава свадба “ на Трајче Попов.

По дипломирањето, од време на време , но успешно игра на театарските сцени во Белград (Позориште на теразијама, Атеље 212 ), Скопје ( Драмски театар ), Нови Сад (Српско народно позориште) и Бостон, САД ( Форум театар ). Добитник на годишна актерска награда на Српското народно позориште и посебна повелба за високи достигнувања за актерство на Здружението на театарски уметници на Србија. Има забележителни Актери уште во неколку филмови.

Меѓу луѓето е попознат како пејач-текстописец, доминантен во светот на шансони, значи пеана поезија, како негова така и на многу други врвни поети. Како никој друг во Србија и Македонија, компонирал десетици шансони и балади по стиховите на антологиски поети од Македонија - Константин Миладинов, Коста Рацин, Блаже Конески, Ацо Шопов и Радован Павловски - на српските поети Милош Црњански, Душко Радовиќ, Десанка Максимовиќ, Брана Црнчевиќ и многу други. Беше подеднакво активен и плодотворен и во компонирањето стихови на големи поети од целиот свет, а неговите витрини ги красат бројни награди од фестивали на поезија и музика од Струшките вечери на поезијата, во 1975 година . До Меѓународниот фестивал на шансони во Загреб во 2003 и 2005 година. Исто така, со посебна почит се однесува и ја негува старата македонска народна песна. Сам или во дует со неговата сопруга Сенка Велетанлиќ - Хаџиманов снимил десетици носачите на звук, телевизиски емисии и го обиколил светот пеејќи на концерти во СССР, САД, Канада, Куба, Австралија, Франција, Германија, Шведска, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Бугарија ...
Настапувал и ја сеел убавината на неговата и наша музика и поезија на сцените како Олимпија - Париз Опера хаус - Сиднеј, Бољшој театар - Москва ...
Добитник е на југословенската Естрадна награда и е истакнат уметник на Србија.

Напоредно со сценската и музичка работа Зафир Хаџиманов пишува и објавува поезија и на српски и на македонски јазик: “ Шансоне на папиру “ , “Пас певачица “ (Повелба „Стражилово”за најдобра книга поезија, 1984), “ Азил “, “ Народен пејач” “, „Брат “, и една книга раскази “Кисело-весело”. Автор е на текстот и музиката на првиот македонски мјузикл “ Ало, будење”.
Во 2002 година добил Награда за животно дело на „Радио Буба Мара” во Скопје , а во 2003 година во Нови Сад добил Награда за животно дело според гласањето на гледачие на ТВ Јесењин и во 2006 година „Златна маска”, награда за ширење на македонската култура низ светот.
Почесен претседател е на Српско – македонското друштво “ Шар Планина “.
Оженет е со пејачката Сенка Велетанлиќ, а негов син е џез музичарот Васил Хаџиманов.
Во 2007 година објави ЦД со неговите најголеми фестивалски успех : Беше мај ( ПГП - РТС) и ЦД со најдобрите македонски балади Од љубов не се бега. Во 2008 – та објави книга со ЦД „Македонија пее”во соработка со Министерството за наука во образование на Р. Македонија.
Истата година за улогата Жан Валжан во мјузиклот “ Лес Мисераблес “ ја доби големата награда на Операта при театарот Мадленијанум за врвно актерско - пеачко остварување.
Владата на Република Македонија, го назначи за амбасадор на културата на Република Македонија во Р. Србија.
Во 2009 -та година Македонскиот издавачки центар во Србија издаде двојазично издание на неговиот мјузикл „Ало будење”со ЦД и нотна книга со сите сонгови.








**МИЛИЦА СТОЈАНОВСКА**












# МИЛИЦА СТОЈАНОВСКА

## ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ, РЕЖИСЕР

Имам чест и несекојдневно задоволство да ве потсетам на актерското мајсторстео на една од најголемите актерки во историјата на македонскиот театар, Милица Стојанова. Велам, да ве потсетам, зашто сум сигурен дека нејзините неоднинливи и ненадминливи актерски креации се втиснати во помнењето на генерации љубители на театарот, меѓу коишто, без секакво сомневање, спаѓате и вие самите.

Како ретко која актерска величина, Милица Стојанова со подеднаква преданост, талент и студиозност, игра огромен репертоар:од трагедија до фарса, од најмала до најголема ролја. Таа соработува со цела една скала режисери: од најмладите, на коишто им помага несебично да ги налрават своите први чекори, до осведочени македонски величини, со коишто креира незаборавни двочасовни волшепства. Како ретко која наша првенка (Драмски театар), таа знае да биде скромна и самозатајна кога тоа од неа го бара принципот на целината на претставата. Од друга страна, таа е столб на најбитните и најпреломните ремек-дела на македонскиот театар, со коишто истиот се наметна како најблагороден и највитален дел од македонската култура во нејзината интеракција со светското културно богатство, афирмирајќи ја нашата национална култура како најбитен услов на нашата национална самобитност.

## ДИМИТАР СТАНКОВСКИ, РЕЖИСЕР

Сум имал среќа да работам со сите големи легенди на македонското глумиште, но над сето ова, без претерување, би ја ставил мојата соработка, мојата љубов, нашите кавги, несогласувањата и согласувањата со принцезата на македонското глумиште Милица Стојановска.
Нејзиниот талент, професионалност, аналитичност, дисциплина, умешноста насоздавање ликови и во трагедија и во комедија се споредува само со еден збор - раскош.
Живееме во време кога митот и традицијата не се почитуваат, зашто ако би се почитувале тогаш Милица би требало барем двапати неделно да им држи предавања на младите студенти по актерство како тешко се достигнуваат резултати во нашата професија. А, кога ќе дојде во театрите тој ден треба да биде празник во театарот.
Но, јас сум оптимист и верувам во реинкарнација. Верувам кога Милица ќе реинкарнира, повторно ќе се роди како актерка, повторно во Крива Паланка, повторно ќе работи во Драмски, повторно ќе ги игра Актерите за кои сонувала, но тогаш, во тоа време, меѓу ѕвездите на кои секогаш им припаѓала. Убеден сум дека ќе го заземе местото на ѕвездата Деница, онаа што го осветлува трнливиот пат на создавањето.

## БРАНКО ВАРОШЛИЈА, ПИСАТЕЛ

Има уметници што обележуваат идеи и тие се мошне значајни за средината и времето во кое создаваат, но има и такви што, и покрај идеите на кои се фундираат, обележуваат и цели генерации што остануваат зад ниа и на тој начин стануваат основа и обележје на еден траен уметнички континуитет. Милица им припаѓа ним, и по определување и по творештво.
Да се истакнуваат афирмативните компоненти во животната и уметничката биографија на Милица Стојановска е прашање на чувство за упатеност во тековите на нашата култура во последниве три и пол децении - временски полигон на кој оваа наша актерка создаде галерија од ликови што импресионираат не само по својот квантум, туку, пред се, со моќта да се живее по-

еднакво уверливо во сите времиња и во сите можни средини на човековиот развиток, од антиката и нејзините морални одредби до денешни дни.
Ова го назначивме од простата причина што мора да се укаже на фактот дека станува збор за скапоцена вредност на нашата современа култура што не се оградува само со интересот на театарската уметност, зашто таа вредност не се исцрпува исклучиво во сценските реализации, ами се рефлектира натаму во природниот континуитет и растеж на автохтоноста на една култура што се бара себеси и што се реализира во латентните барања на средината каде што делува. Со други зборови - дејноста на Милица Стојановска не е само уметнички чин што се самозадоволува со сопствената продукција, туку пред се и над се, тоа е културно воздејство во средината на сопствената егзистенцијална стварност и животна вистина. Нашата култура, соочувајќи се со уметничкиот профил на Милица Стојанова, со достоинство може да каже –таа е наша.
Навистина кога станува збор за актерот Милица Стојановска, се соочуваме со творештво што фасцинира не само со својот обем, не само со својата присутност на сцената, туку, пред се, со она што можеме и што мораме да го означиме како свое. Како свое чувствување и согледување на севкупната животна проблематика со која секојдневно сме соочени. Независно дали станува збор за малечката Ана Франк или за уважената Леди Магбет што ја опседнува идејата за власт или за провинцијалката Елиза Дулитл што се издига до разурнувач на аристократскиот устален морал или Сарка што афирмира обратни морални принципи.
Веќе ова лапидарно потсетување на некои од ролјите на Милица Стојановска не соочува со еден потенцијал што ги измирува контроверзните мислења и вкусови и што не приближува еден до друг, благодарение на неповторливото дејство на уметничкиот чин- вистинскиот. Тој чин е во моќта на создавањето на Милица Стојановска. Тој чин не помирува во разидувањата. Тој чин, со својата неповторлива сила, ја враќа реката што се излила во своето природно корито и тек. Ќе биде оптоварување ако ги наведуваме сите остварувања на Стојановска. Основно е да се укаже на фактот дека станува збор за сценски уметник со неоспорен и неброени пати потврден автентичен талент кој длабоко сраснал со средината во која создава. Талент кој за свој аргумент ја нема само интуицијата, туку и една своевидна и, пред се, своја школа и сфаќање на уметничкото творештво. Таа школа, ако веќе така ја нарекуваме, ја краси убавото чувство за милјето на сопствената припадност во културното живеење, чувство за сопственото поднебје и не само како културна ознака, туку како егзистенција, воопшто.

## КАРМА ИБЗЕН, РЕЖИСЕРКА И АКТЕРКА

**Драга Милица Стојановска...**
Ги видов Трите високи жени во Драмски и бев наелектризирана од Вашата изведба. Не можев а да не помислам на „големата изведба" за која до сега само сум читала. Вашата способност да портретирате една жена на толку крајно различни чувства со толкаво срце и веродостојност беше инспиративна за мене. Вашата способност да го трансформирате (пренесете) на секунда длабокиот очај во нешто тривијално и обично (да не спомнуваме друг слој од емоционални барања) беше, напросто, „полнење на ликот", како што малкумина актери, ако воопшто постојат, го сториле тоа порано. Колку „исполнета" мора да бидете по таква изведба! Ви благодарам за мошне посебната вечер што никогаш нема да ја заборавам.

## ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ, ПИСАТЕЛ

Она што посебно импонирало во играта на Милица Стојановска е изостреното чувство за акцентот и акцентските целости, несебичните заложби да ги истакне македонскиот правоговор и мелодика како неделиви составки во обликувањето на секоја суверена актерска ролја. Камо среќа, сите оние на кои јазикот им е превосходно средство за работа, да му приоѓаат со таков восхит (да не речам со набожна преданост) како што тоа го правела Милица Стојановска.

## ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ, ПИСАТЕЛ

**Милица Стојановска е митска актерка на македонската театарска сцена, од две причини:**

Првата е нејзиниот глас, од кој извираат вековите од нашите антички амфитеатри и се движат низ период од најмалку 3000 години, за да дојдат до свеста на модерниот гледач, до нашето тревожно современие, во кое македонскиот театар ги отвори поноритe на својата комуникација со светот, за да му каже дека и воздухот мириса на театар во Македонија.
Втората причина е нејзиниот вонреден лик, бидејќи е актерка од интернационален сој, што можеше да се роди во руските степи и да игра во МХАТ, можеше да се роди во Елис Ајленд и да игра на Бродвеј, можеше да се роди во Стратфорд и да игра во Кралскиот Шекспиров театар, можеше да се роди во париските предградија и да игра во Комеди франсез, но таа се роди во Крива Паланка, и со неа Македонија се здоби со Актерка од светско значење, на која може да и завиди секоја театарска велесила!





# ШЕНКА КОЛОЗОВА

Шенка Колозова (Добрево, Пробиштипско, први февруари 1947), македонска актерка, најпозната по Актерите во „Македонски народни приказни".
Дипломирача на Катедрата за јужнословенска книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, а како професионална актерка работи целиот свој живот. Пензионирана актерка е на Македонскиот народен театар од Скопје.
Претходно работела и во Народните театри во Штип и Куманово.
Автор е на бројни сценарија и драматизации, меѓу кои и на Цепенковите народни приказни. Одиграла над 100 премиери во споменатите три народни театри, и уште 16 премиери со приватниот театар „Колозов". Има одиграно повеќе од 6000 претстави вкупно во сите овие театри заедно, не вклучувајќи ги и гостувањата во Велешкиот театар и други театри во Македонија.
Најзначајни театарски ролји на Колозова се во претставите „Свирачот на покрив" , „За сите мои синови", „Електра" на Еврипид (во улогата на Клитемнестра), „Се за градината", „Печалбари" и други. Шенка Колозова вели дека се гордее со нејзината улога како актер, а најсреќна е кога ќе почувствува дека е разбрана и дека допрела до публиката бидејќи публкиката знае да го надгради секој актер кој умее да го оствари тој контакт и да го исполни просторот во кој секој збор и гест го следи со внимание.

м-р ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ

# ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ ОД НЕКОГАШ ЗАСЕКОГАШ

*(реч по повод доделувањето на наградата за животно дело на Петар Темелковски на Меѓународниот театарски фестивал „Јоаким Осоговски" што се одржува во Крива Паланка)*

Обично за актерите се вели, доволно е само да ја отворат устата и вековите да протечат низ неа.
Замислете си, се издига актерот на сцената , нека е начинета како во времето на средновековна Шпанија, од две даски потпрени на буриња, ја отвора устата и сите присутни што зјапаат во него смрзнуваат од страв или се распукнуваат од смеење. Што се случува? Па актерот успеал да ги пренесе во времето кога Агамемнон ја жртвувал својата ќерка Ифигенија или во времето кога Дон Кихот се спуштал на ветерниците како на непријателите на неговата Дулчинеа.
Мораме да кажеме, дека вековите не бираат низ чија актерска уста ќе протечат. Таква привилегија не им е дадена. Но, ние кои сме сведоци на таков проток можеме да кажеме, односно, можеме да пресудиме низ која уста протекле најавтентично и најточно.
Токму таквата работа ни отвара можност да бидеме строги во изнесувањето оценки за актерската улога во пренесувањето на времето од некогаш засекогаш. Затоа не ретко за некој актер ќе се каже дека е добар, дека е на ниво на задачата, а за некој дека потфрлил, лошо ја отворал устата па без потребните емоции ги потурнал вековите, или ако сакате го потурнал времето да истрча надвор од неа.
За актерот Петар Темелковски може слободно да кажеме дека од своето прво стапнување на сцената па се' до денешни дни уста нема затворено.
Малкумина се тие што можат да му парираат. Малкумина се тие што им дале толку права на вековите и на нивните неодминливи херои.
Актерите како и театарот немаат друго време освен сегашното. Токму тоа и дава за право кога се враќаат во историјата назад при тоа оставајќи не во времето во кое живееме, да не подготват-она од некогаш да го сметаме како за овде и сега. Еве кога Темелковски ќе се исправи на сцената како цар Едип, ние во публиката сместени во удобни фотељи стануваме дел од античката историја.
Верувајте ми таква трансмисија можат да направат само добри актери а Петар Темелковски припаѓа на таа фела- на добрите актери.
Кога пред некој ден со еден театарски критичар зборувавме за кариерата на некои актери рековме, има актери кои немаат осцилации во својата кариера. Темелковски нема осцилации, тој секогаш бил добар актер. А што ме потврдува во излагањето, во оценката? Па седумдесете главни роли во матичниот театар, Драмски, и во останатите во Републиката како што и статусот најнаградуван актер во Македонија-просто нема награда што му се доделува на актер, а тој да ја нема добиено.
Добро е ако истакнеме дека актерите како Темелковски му се потребни на театарскиот свет многу повеќе отколку театарскиот свет ним. Таквите освен што го легитимираат светот како автентичен и нужен за опстојувањето на човештвото, културниот праксис, му помагаат и на обичниот граѓанин да може со симпатии да гледа на актерите, а на кафанџиите да ја заборават лошата навика - да ги тргаат чаршавите од кафанските маси штом на хоризонтот ќе здогледаат кочија натоварена со актери кои се приближуваат кон градот.
И уште ова ќе го кажам: Додека се присутни на сцената актери како Темелковски дотогаш и Едип и Сандански и Сер ќе бидат ликови за кои ќе имаме целосно разбирање, односно ќе им остапуваме значително место во нашата сегашност, во нашата стварност.





## ПРОФ. ТИХОМИР СТОЈАНОВСКИ

# СО БОГА ВО ГЛАСНОСТА

*(за колегата актер Страшко Милошевски)*

...Да се зборува за гласноговорникот, актерот, глумецот исправен на сцената за да ја озвучува вистината со словата на Бога е задоволство кое не е само душевно туку духовно. Можеби поточен збор е да се каже избор, да се споделуваат дарбите дадени од Бога на сцената и во самиот живот...

Тоа се однесува на сите нас кои имаме дарба од Свети Дух да споделуваме, да се дружиме, да живееме од и со уметноста... кои сме дарувани со дар да бидеме во уметноста...

Посебно задоволство е да се пишува за собеседник со кого сме поминале 25-годишна битка со театарот "Скрб и утеха", играјќи на територијата на етничка Македонија, не само во Р.М. , туку и во пиринско, албанцко, егејско, Шведска, Анадолија, Хрватска...играјќи по училишта и болници, старски домови, домови за деца без родители, затвори, играјќи по македонските заборавени села, и исто така за подршка кога штрајкуваа во паркот во центарот на градот "нашите", водејќи духовна битка со незабошците кои ја негираа македонската култура и Македонја као дар од Бога...

Ние тогаш зборуваме, не само за глумец, актер туку за воин на словата кој дарбата добиена од Севишниот ја споделуба со нас, за да сведочи за вистината...каков што е актерот Страшко Милошевски...

Актерот и гласно-говорникот на духовнот збор, одигра ликови како : Гоце Делчев, цар Самоил, Свети Кирил, Свети Климент, Апостол Павле, Ѓорѓија Кастриот, и други кои не беа само игра туку проповед на вистината, духовна битка со паднатиот ангел и мракобесието, посебно со оние кои и денес не ја признаваат, македонската култура со нејзината богоданост...

Да се одиграат сите тие ликови и да се остане со словото на Бога во духовен чекор меѓу земното и небесното, не е едноставно. Можам да посведочам дека се работи за пасија, за стремеж, за воснес, за избор да се живее така , на тој начин со словата озвучени преку сопствената душа и срцето...а тој глас на Страшко, кој ве откорнува некаде однатре кога проклокотува во татнеж, во ровјеница, во молепствие...тој глас дарува од Господа...

Страшко го нареков во еден свој роман "актерот кој го носеше Бога во својот глас", кој го зема својот крст и врвеше со "Скрб и утеха" да сведочи за вистината и македонизмот...по светлината на Исуса Христа..., еден наш собеседник и театарски апостол Јержи Гротовски, крикнувше до неодамна: "Полска е жива да живеат Полјаците...", велеше дека "актерот е е светец кој се жртвува на сцената за да ја освети публиката"...за тоа се работи и кај Страшко и "Скрб и утеха", за истата патека на светлината... Така кога крикнуваше Страшко со тајфата на "Скрб и утеха", духовните воини на македонската култура, често му се земаше за кусур, му се мереше по тро, му се бараше р'ска во окото, а гредата во своите очи на ја гледаа, небаре грешно е да си ја воснесуваш и љубиш татковината ни распната на македонскиот полуостров на таа древна театарска меѓа...МАЈКА МАКЕДОНИЈА...сетне и Гротовски не мина поубаво, кога ја носиш вистината секогаш има сила од незнабошци спроти тебе кои сакаат да те потоморат и сничкосаат, но „се можеме преку Исуса Христа кој не крепи", како што велеше Страшко на сцената, цитати од Посланијата на Апосптолот Павле... во претставата "Ние" која предизвикуваше солзи, во која за прв пат се играше на сцената покрстувањето на Македонката Лидија од Апостолот Павле...

Кога игра актерот Страш(ко)ен глаголи со душа и срце, ровјосува со скоравен божји збор, те носи на духовно искушение, на себе спознание, тоа е актер кој е меѓу најдобритре зборувачи на поетски збор, актер кој има божји дар светол да игра ликови од евангелијата, од Светото писмо и да ги говори како самиот да ги напишал...да се соживува со ними , да се распнува како актерите на Гротовски за Полска, а тој за својата Македонија...

Меѓу многуте Актери со "Скрб и утеха" Страшко играше во двата култни документарни играни филмови на продукцијата "Дион"при "Скрб и утеха" : "Како свеќа" и "Бакни го сонцето", кои беа на 10-тина меѓународни фестивали, игра-

ше во култните претстави: "Ние" и "Зајдисонце" од 1996-та  со која за прв пат на сцената се сведочеше за македонизмот...играше каде некој од заспаните колеги не би ни помислиле или сонувале...
Неговите остварувања остануваа во чувствен спомен, како резби во душата и помнењето. Да не би да се фалиме самите , фала му на Бога има снимки од претствите кои секојдневно се емитуваат на Тв Сонце и сведочат за нашите дела дарувани од Бога. И за неговите.
Тоа не е обичен актер. Тоа е духовен апостол на мајката сцена. Ако се беше возродил во друга, поголема држава ќе беше овенчан со куп награди и признанија, но можеби не ќе ја имаше духовната сила на македонизмот и распетиенто на народецот наш насушен...и на богодаруваната македонска култура...
Го помнам како Ѓорѓи Кастриот како тргнува во последната армакедонска битка, како Гоце Делчев кој ровјосува, како Свети Кирил кога наткрева, како Свети Климент кога продлабочува, како Апостол Павле кога крштева со словата на Бога, со Бога во гласноста си...
Тоа е актер, раб Божји, душа која дарува светлина...
Еден од ретките кои можеа да играа во духовната тајфа на театарот "Скрб и утеха"...
Брате Страшко, Светиот Дух со тебе на мајката сценаата и во самиот живот...








# ДО АКТЕРОТ И ПО НЕГО

м-р ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ

*(по повод доделувањето на Признанието за животно дело на актерот Страшко Милошевски на годинашниов Меѓународен театарски фестивал „Св. Јоаким Осоговски" во Крива Паланка)*

Еден ден додека стоев на шалтерот во градската пошта и чекав уште еднаш да се уверам дека она што ќе го испратам ќе стигне на вистинското место, поштенската службеничка, убавицата што беше од другата страна на шалтерот ми рече:

-Дојдете малку поблизу.

-Кога ве кани ваква убавица не само што ќе дојдам поблизу до шалтерот, туку и би го прескокнал, и реков.

Низ насмевка на филмска дива поштенската службеничка ми рече:

-Многу сакав да бидам актерка. Но, кога завршив гимназија ми се отворија два патишта. Едниот водеше кон Факултетот за драмски уметнусти, а другиот во сосем друга насока. Не го избрав патот на актерството и денес за тоа многу жалам.

-Не грижете се , и реков, актерството е љубов кон сценската игра, т.е. кон театарот. Ако љубов имате кон него вие со секоја посета станувате дел од неговиот краен уметнички израз. Сакајте го театарот и тоа е доволно да се задоволат вашите желби : најавувањето на вашата животна присутност од сцената која некогаш била само обична штица поставена на две буриња.

Откако ја заведе, ја измери мојата пратка ми испрати поглед од кој почуствував дека сум остварил роља за жената чии очи ми наликуваа на две жарчиња в снег.

На заминување од поштата си реков: „Ете тоа е актерството. Актерот секогаш треба да најде нечии очи за кои ќе игра, за кои ќе создава уметност. Актерот е оној што ќе го препознае публиката, односно оној што нема да биде никогаш друго освен дел од неа. Актерството е тешка и одговорна работа затоа не треба да ја практикуваат оние кои не се родени за неа. Актерите се реѓаат, не се создаваат. Актерите се раѓаат зашто само таквите во секое време можат да најдат причина за театрализација на стварноста.

Можеби овој мој став е погубен за театарската теорија, за методите кои актерите ги увежбуваат за време на својата актерска едукација и кариера, но сити тие се само средства кои помагаат вроденото на полесен начин да добие јавност, одноно актерот да се искултивира до степен каков што може да понесе цивилизациското живеење, културниот праксис на човекот .

Затоа кога зборуваме за актерите почнуваме од годината на нивното раѓање, од детството, од почетоците на неговото запознавање со рољата што му ја одредува животот.

**КОГА ЧОВЕКОТ ЌЕ СЕ РОДИ...**

Поднасловот е стих од песната „Животот во чизмите со високи петпетици" на рок пеачот Дадо Топиќ, фортмен на некогаш култната група „Тајм". Понатаму песната продолжува со стиховите:„ ...И стапне на сцената/ улогата му е лесна и неповторлива/бидејќи денес е дете/ а утре можеби човек/ обратното е само желба/ неостворлива.. " Токму така кога човекот ќе се роди за актер, ќе помине

низ сите фази на животот, но само како актер. Сето друго би му било само неостворлива желба. Примери за тоа има многу. Но, ние ќе се послужиме со примерот што ни се нуди преку животниот пат на актерот Страшко Милошевски.

**ТРИ ПРЕПРЕКИ НА ПАТОТ НА АКТЕРОТ**

Еве како Страшко напати низ писмени изјави, напати усно зборува за препреките на патот на родениот актер:

Беше во 1963-та година. Настанот се одвиваше покрај Дурачка и Крива Река во градчето под Осоговските планини-Крива Паланка.Со децата од маалото направивме театар, поточно подготвивме театарска претстава. Во неа го играв мачорот . На прекар ме викаа мачор поради моите модри очи па некако улогата ми дојде ептен по моја мерка. Секое дете учсник во претставата имаше задача да имитира животни по свој избор. Некој завиваа како волци, други лаеја како кучиња, некои блееја како овци, некои мрдаа со ушите како зајачиња. Ги имитиравме не само нивните гласови туку и карактеристичните движења. Како публика во маалскиот театар се регистрираа нашите  баби и дедовци, нашите мајки и татковци. На крајот од претставата едно девојче и го потурнуваше празното тенџере  под носот на секој што ќе се најдеше во публиката. Собраните пари ги трошевме во слаткарницата од спротива на нашата малска сцена. Таа ноќ пред земјотресот во Скопје се договаравме за повторното играње на претставта, односно се договаравме за репризното прикажување на мимезисот на децата од нашата маала. Земјотресот во Скопје што се почуствува и во Паланка, т.е. во сите градови во тогашата СФРЈ, ја прекина мојата актерска игра. Повеќе никогаш не седнавме во слаткарницата и не нарачавме боза со парите собрани од претставата.

Мислев дека со земјотресот заврши и мојата актерска кариера. Крај. Точка. Нема повеќе. Некои детски игри не се повтараат.  Татко  го преместија на служба во Пробиштип. Таму се запишав во средното училиште за рударски техничари. И токму во тоа училиште, една година,  заедно со профоесорот по македонски јазик ја подготвивме пиесата од Антон Панов „Печалбари". Го играв Атанас Караман печалбар и селски пијаница. Оставив добар впечаток  и кај публиката и кај некои актери кои беа дојдени од Народниот театар од Штип како стручни консултанти  при подготвувањето на претставата. Плановите со претставата ни беа големи. Сакавме да ја покажеме насекаде каде ќе ни се даде можност за тоа. Мислевме и во мислите патувавме. Го гледав Караман Атанас како се провикнува и од некои вистински театарски сцени „Ќе пукнам, како орев ќе пукнам!"  И така се случи. Тогаш во таа 1971 година дојде писмото од Тито. А по Тито и по писмото кое укажуваше дека треба да се расчисти еднаш засекогаш со ненародните елементи во државата , тргнаа сите. Професорите и директорите постојано беа на партиски состаноци. А мене поради енергичниот, силен, продорен глас што го имам ме одбраа  пред учениците насобрани во фискултурната сала да го прочитам писмото. Ете писмото на Тито се испречи на патот на мојата актерска кариера.

Колку тоа  да беше непречекорливо, обврзувачко за секој жител на СФРЈ, сепак некои луѓе си ја гледаа работата, онаа од која си го вадеа лепчето. Така беше и со вработените во Домот на културата „Злетовски рудари" во Пробиштип. Година дена од писмото што внесе страв и трепет помеѓу работниот народ  се формира драмската секција во која се зачленија повеќето членови од секцијата во Средното рударско училиште. Веднаш почнавме со работа. Ја стокмивме претставата „Протекција". Во истата играв чиновник-љубовник. Со претставата гостувавме во повеќе градови во Републиката.

Оценките за мојата улога и од публиката и од стручните лица беа високи. Тоа ми овозможи во 1974 година да ја добијам улогата на Христов во пиесата „Црнила" од Коле Чашуле. Во 1974 година, пролетта, во годишното доба во која се појавуваат најавувачи на убавото време, јас за прв пат застанав на сцената на професионален театар, на сцената на Народниот театар во Штип. Нешто цутеше во мене, нешто ме нагонуваше да растам, нешто ме тераше да викнам, да се најавам, да го најавам доаѓањето на убавото време. Да, да токму тогаш почуствував топол ветер во моите животни едра. Бродот требаше да тргне. Но, мирното, посакуваното море, сонуваната пловидба ја попречи рудникот „Опалска Бреча" каде се вработив како рударски техничар.
Рударски црнила. Крај на патот по кој се лета. Во рударските окна се копа. Таму бојата на животот добива на својата тежина. Констатно црна. Бев веќе предаден на патот кој води надвор од можноста да имитираш мачор, да бидеш пијаница и печалбар, да бидеш чиновниук и љубовник, да бидеш революционер борец за слободата на својот народ. После рудникот покрај Врање се вратив во Рудникот покрај Пробиштип. Враќањето излезе пресудно за она за што сум се родил. И покрај тешката работа во рудникот станав член на Драмското студио ЗЕР при Домот на културата во Пробиштип. Во претставата „Крале Марко 2" во режија на тандемот од Штип, Гаврилов-Шумански ја добив улогата на Црна Арапина. Како што би рекол еден светски познат актер:„ Во театарот секогаш треба да се игра за нечии очи" Јас градејќи го ликот на Кралот Иби на Жари, како да сум играл за очите на тогашната жири комисија на Републичките аматерски драмски смотри во Кочани. Вукан Диневски и Дарко Дамевски ме прогласија за најдобар актер на Републичките смотри, а воедно ме убедија дека патот кон мојата актерска кариера полека се чисти.
1978-та година беше годината на моето запишување на Факултеотот за драмски уметности во Скопје. И така започна се'.

**ЕМ РАБОТНО МЕСТО, ЕМ ПРОФЕСИЈА**

По завршувањето на ФДУ во класата на Вукан Диневски, Страшко Милошевски се враќа во Пробиштип и веднаш стапува на работа во Домот на културата „Злетовски рудари" како стручен соработник. На таа позиција останува едена година. Во 1983 година започнува со работа во Народниот театар во Штип. Како актер во Народниот тетатар во Штип останува до 1989 година. Во тој период Страшко Милошевски игра во скоро сите претстави што се на рапертоарот на Народниот театар. Но, она што тој го издвојува како куриозитет е улогата на младичот во претставата „Црнила" во режија на Наум Пановски. Како аматер Страшко Милошевски за прв пат застанува на сцената на аматерскиот театар со улогата на Христов во претставата „Црнила" . По завршувањето на академијата, како професионален актер Милошевски ја започнува кариерата на сцената на народниот театар во Штип со претставата „Црнила" во која ја добива улогата на Младичот убиецеот на Ѓ.Петров. Успешноста на претставата ја потврдуваат многуте фестивали на кој учествува, а меѓу нив е и Фестивалот МЕС во Сараево. Учеството на овој реномиран фестивал е врвот во професионалната дејност на Народниот театар од Штип.
„Рудар можам да бидам секогаш, но да се обидам да бидам она што е сон на многу млади луѓе, да станам актер" ќе каже Страшко Милошевски во годините кои треба да се пресвртница во неговата професионална кариера. И токму поради тоа: да помогне да се оствари сонот на секој млад човек, актерот Милошевски се враќа во Пробиштип. Од 1989 година и целосно и се предава дејноста која може да и

овозможи оставарување на сонот на оние кои сакаат да се бават со актерската дејност. Работи и тоа усилено со драмското студио ЗЕР и со членовите во него до 2006 година кога повторно се враќа како актер во Народниот театар во Штип. Во тој временски интервал од седуманесет години Милошевски со студиото ЗЕР подготвува над триесетина претстави. Со истите ги освојува скоро сите награди на Републичките аматерски драмски смотри, а и гостува на повеќето театарски сцени во Републиката. Неговата дејност како раководител на Драмското студио, односно како организатор на театарското живеење во Пробиштип може да се оквалификува, како што би рекол Гротовски како негов личлен обред што ја чини неговата дејност света, односно изградена „вертикалност" која не произлегува само од неговиот духовен раст, туку и од влијанието кое го врши врз растот на оние кои му се следбеници. Дејноста на професионалните актерите во аматерските групи може и да се оквалификува како потреба од средба со луѓето, односно со оние кои ја избираат радоста од продирањето во себе. Во ваквите случаеви конструирањето на претставите претставува попатна работа. Затоа е подобро кога на истата ќе гледаме од социјален, наместо од уметнички аспект. Улогата на професионалните актери станува повеќе едукативна отколку уметничка.

**АКТЕР СОЛИСТ**

Кога зборуваме за Страшко Милошевски како актер , пред се, ни се наметнува неговата соло кариера. Тоа може да не наведе актерството на Страшко Милошевски да го одредиме низ квалификативот солист, т.е. монологизатор. Актерот солист е актерот кој само го говори и го чита текстот . И овде веднаш би направиле грешка. Зашто Страшко Милошевски како актер можеме да го квалификуваме и како раскажувач, т.е. актер кој работи на говорните вештини како и на импровизацијата. Вториот квалификатив може многу попрецизно да ја одреди актерската роља на Страшко зашто таа го отсликува преку дејноста што не е глума, трансформација во лик, туку преку проповед. Страшко станува, или е проповедник. Тој ја репрезентатира својата индивидуалност. Го гради своето творештво преку репрезентација и раскажување. Така раскажувањето како синоним за фигурата, сликата или инструментот ја создава уметноста како средство за пренос. Сето ова ни дава потполна слобода Страшко Милошевски да го оквалификуваме како актер перформер. Тоа е сценскиот уменик кој е во „ситуација на организирана репрезентација" ( Е. Барба)

**ПИСАТЕЛИТЕ И СТРАШКО**

„ Нема писател во Македонија, или тие се во мал број, на кого не сум имал јавна артикулација на фрагменти од творештвото." Тоа е тема на која Страшко секогаш со задоволство зборува. И навистина благодарение на чистата дикција, енергичниот глас и заводливиот тембар Страшко Милошевски постојано го проектираат зад микрофонот за да низ благозвучни звуци ја репрезентира макаедонската книжевност. Партитурата како и во музиката дава рамка а со тоа и структуирано ограничување на слободата на креативноста. Во театрската уметност го воведува Станиславски. Но од истите не се откажуваат и нај радикалните реформатори. Токму говорната партитура која прецизно кажува дека актерот во својата артикулација треба да се базира на спонатаноста, но и на дисциплинираноста го издвојува Страшко како актер кој може умешно да ги прикрие рутинските трикови, или целосно да ги избегне.

И на крајот на овој краток осврт на актерската кариера на Страшко Милошевски, што би рекол академик Ѓурчинов можеме да заклучиме без заклучок, дека македонското глумиште со Страшко Милошевски добива перформер кој средбите со луѓето ги прави на взаемно задоволство...

Актерите како Страшко Милошевски преку своите дела засекогаш ќе ја потврдуваат мојата девиза: Актерот се раѓа, не се создава исто како и човекот кој ги помни тоновите и сликарот кој ги организира боите.

## ПОРТА НА МАКЕДОНИЈА

ГОЦЕ РИСТОВСКИ, ПИСАТЕЛ

Од векутума века кривопаланечкиот регион бил значајна врска меѓу Запад и Исток. Ги поврзувал Западното и Источното Римско царство - Рим и Константинопол. Подоцна оттука, во времето на турското владение, врвеле карваните со луѓе и најразлични стоки, оттука водел патот што западните турски провинци ги поврзувал со царскиот град Стамбол.
Така е и денес и затоа Крива Паланка ја нарекуваат „Порта на Македонија".
Кога тргнувам во Крива Паланка ме позема радост голема и чувствувам блаженство во душата, оти водата ме вика, водата на родниот крај. Но, колку повеќе наближувам, вртејќи по свиоците на патот, што врви покрај Крива Река, ме навјасува тага. „Жал лута ме стега и ми иде да плачам ко дете..." како што испеа големиот поет Блаже Конески во познатата песна „Тешкото", посветена на трагичната македонска судибина. За да ги победам солзите што се ронат како што се рони пченка од мождивњачките градини во близина на Паланка, си ја потпевнувам „Ајде ред се редат кочански сејмени, покрај Крива Река...', па „Одала се е мамо...", што ги прослави надалеку „распеаните кривопаланчани".
Дурачка тројка
Паланчани се музички надарени, песнопојци, играорци, свирачи... Кога играат чиниш не го допираат тлото, летаат... Пеат песни со натпејување („Ниша се, ниша Недо)! Паланчанки играат женски ора со пеење и потропнување со нозете, без музика, („Нагази ме попадика на левата нога, да беше попот немаше да ме е жал") какви што, како дете, сум гледал, шашардисан од прекрасните носии, во Градец, каде живеел кратко заштитникот на градот Свети Јоаким Осоговски, имењак на просветителот Јоаким Крчовски, еден од првите македонски преродбеници. Јоаким Крчовски, со помош на локалните трговци, во периодот од 181 до 1819, во Будим, ги печател своите познати пет книги, на жив народен говор. Извршил и пресудно влијание за основање на црковно – келијно училиште во 1817 г. коешто било сместено во Енгеровата куќа, во чија близина подоцна со големо залагање на градските првенци и самиот ктитор Давид Јереј, во 1833 г. била изградена градската црква„ Свети Димитрија", што за секој дојденец би било убаво доживување да ја посети. Ритмот и звуците на познатото оро „Дурачка тројка' одвреме-навреме ми ѕунат во главата потсетувајќи ме од каде сум, кој сум... И, ела сега во Крива Паланка, дојдете, заушете како го свири тоа оро Миле хармоникашот, инаку рударски инженер по професија, и не испијте по една сливова паланечка ракија. „Ако е слаба, ќе гу спрегнемо од две, како што велат Паланчани, ако има венец-препечена е!" Оди со мезе од криви краставици, со многу семки и воденести, ама слатки и кога се поджолтени, од некоја нива од Конопница, село залепено до градот. Да не зборувам како звучеше „Дурачка тројка" кога ја свиреше Савре од Конопница. Ја везе како „сингерица', а меѓу последните прсти на раката („работат му прсти како на млада невеста ноги", се шегуваат Кривопаланчани) му чади цигаре, од кое повремено и потегнува, се разбира додека свири. А, орото се шири, чиниш, од Лисец, до Биљино, од Чупино брдо до Калин Камен.
Има Кривопаланчани исклучителни музичари. Потврда за тоа е и кларинетистот Бранко Павлов-

ски, универзитетски професор, кој настапувал и надвор од Македонија- во Германија, Франција, Чешка, Бугарија, Америка... Ве разгалува тој со својот здив што го разблажува тревожниот Бог, растреперувајќи ви ги чувствата како благо ветре лисја на млада бреза.
Бездруго, и големиот инструменталист, композитор и аранжер Лазар Ристовски, чиј татко е од овој крај, кој беше член на култните групи „Смак" и „Бело дугме", кој свирел со многу врвни светски музичари – од Боки Милошевиќ до Алвин Ли. Кога ќе ја засвиреше неговата инструментална верзија на „Ајде слушај, слушај, калеш бре Анѓо" пред мене излегуваше токму таа–Анѓа- и ми ја раскажуваше својата тажна приказна. Кога на аголот во Грнчарско маало, „Кај огледалото", како што местото го знаат Паланчаани, седнат на една скала, свиреше на гитара песни од Сајмон и Гарфанкел се собираше народ како на пазар.
И Досе Ангелов последниот свирач на кемане во овој крај, па и во Македонија, од село Станци, од кого слушнавме македонски песни кои порано не сме ги чуле („Сирома Стојан седам овна заклал...") во Осоговскиот манастир, неговиот омилен „концерт-простор", со кемането старо над 100 години, кој ги водушевува и домашните и странските туристи. Додека свири чиниш кемането „пораснало" и Досе влегол во него. Тие стануваа едно додека продорниот тажен звук, што доаѓа од далечно, неспокојно минато го освојуваа манистирскиот спокој.
И дедо Јашко Денчов од Конопница, кој на 92 години ни свиреше на тамбура, со левата рака, со трзалица од цреша кора, од црешата под која седевме во неговиот двор, додека ни пееше песна за војводата што не им се предавал на Србите!
Ги бива Паланчани и за песна. Тоа ќе го потврдат и оние што ја слушнале чудесната актерка, паланчанката Милица Стојанова, која на примниот испит влетала со спуштен чорап, а чии антологиски актерски креации како Ана Франк, Лизета во „Игра на љубовта и случајот". Неда во „Мартолозот", Фирса во „Вишновата градина", Донка во „Бегалка", Касандра во „Тројанки", Леди Магбет во „Магбет", Беатриса во „Дејството на гама зраците...", Јокаста во „Цар Едип", Марија во „Диво месо", Малина во „Ерогон", Ната во „Сили во воздухот" и други, тешко се добројуваат, се уште вишнеат на хоризонтот на театарското небо.
И оние што ја слушнале Драгица Пучо како ја пее „Да сум бистра вода...". Пучови, се песналии, така, де!
Така, кога итам кон Кривопаланечко, регион што во античко време се викал Ремисијана, плачам и пеам. Значи, чувствувам... Ми се враќаат сликите од детството. Берберскиот дуќан „Фигаро" во кој беше врамена „дуплерица" – фотографија од некогашниот загребски неделнк „Старт" на првата разголена паланчанка. На деновите поминати со Ненад Новковски, најцитираниот македонски научник во странство, со Анета Стефановска, професор на престижниот универзитет во Ланкастер, која го потресува светот со своите научни откритија, на .... Всушност, сеќавам дека одам не каде било, ами на посебно место.
Има да видите
На тринаесетина километри од градот е граничниот премин кон Бугарија што некогаш бил на месноста Деве Баир (во превод – камилско рикање, секако од честите карвани). Сега преминот е некој километар потака, на попроодно место, во Рамна Нива.
Кога патот ме води преку Рамна Нива помислувам на Румена Војвода, „планинска царица", водачка на една од најпрочуените ајдучки дружини во Македонија, опеана во народните песни.Според

кажувањата на некои нејзини современици што ги запишал Ефтим Каранов кога ќе се случело убиство по патиштата, властите секогаш ја барале Румена. "Ту ја носеле на истрага во Паланка; ту ја мачеле да ја потурчат." Румена се воодушевувала на војводата Иљо Марков-Малешевски, кој со околу 170 ајдути ја нападнал кулата на Деве Баир во 1854 година. Во одмаздата што следувала од османлиите, била мачена и Румена, по што се пријавила за ајдутка, но Малешевски не ја примил. Ја фатиле Румена и ја тепале на сред село да каже што знае. Кога ја тепале молчела, но кога станала гордо се издигнала и рекла: „Има да видите"'. Го напуштила семејството и со Стојан Крклjански (ковач од село Крклја) формирала своја ајдутска чета. Од 1858 до 1861 била страв и трепет за османлиските власти и чорбаџиите насилници, од Осоговската планината до Врање. Затоа меѓу восочните фигури во природна големина во Музејот на македонската борба во Скопје, заедно со Дедо Иљо Малешевски, Гоце Делчев, Јане Сандански, е и Румена Војвода.

Во непосредна близина на Крива Паланка е и граничен премин кон Србија, што ја потврдува нејзината добра местоположба. Во овој град, значи, може да дојдете од две држави. Има места што можете да ги одминете, но низ Крива Паланка мора да поминете. Има да ја видите. Оттука сувоземниот пат води кон Истанбул, кон Блискиот исток и потака та дури до Далечниот Исток. Крива Паланка е оддалечена сто километри од Скопје, 60 километри од Куманово и нешто повеќе од сто километри од Софија, поврзана со асфалтен пат.

Планина, небаре се соединува со небото

Градот има ладна зима, топло лето, свежа пролет и топла есен. Во кривопаланечко велат дека „огинчето е благословено и на Петровден". Вообичаено, првиот снег паѓа на крајот од ноември, а врвовите Руен и Царев Врв, на повеќе од 1700 метри над морето, се „белеат"од октомври па до почетокот на јуни. За жал, зимскиот туризам се уште е неразвиен.

Крива Паланка и нејзината местоположба нудат задоволства на сетилата, тука се живее во дослух со природата. Посетете ја Паланка, еден од „поновите" градови во Република Македонија. Дојдете во градот што го основал Бајрам Паша, непосредно пред да стане велик везир и вкусете ја свежината на бистрите извори, чистиот воздух што ви ги полни градите како стомна кривопаланечка, (кривопаланчани биле познати грнчари и денес една маала се вика Грнчарска) што се полни со ладна вода на чешма на Бела Вода, на Осоговската плнина.

Кој дошол, кој што се напил вода од Кадиска чешма, кој еднаш фрлил паричка во некој од атрактивните угостителски објекти, (во градот, во Гиновци, Станци, Крклја...) пак ќе се врати. Кој јадел кривопаланечеки печени компири од Дренак, дурачки грав, јуфки правени со саѓ, кој јадел тука сирење и кашкавал според рецептите на познатите крклјански мајстори, урда со пиперки, овчко кисело млеко што со нож можеш да го сечеш, кој го пробал познатиот паланечки симит и топло лепче печено на дрва, кој каснал печурки берени некаде накај Тораница, кој каснал риба мренка од Крива Река или планинска поточна пастрмка - пак ќе дојде.

Дојдете, кој од каде, кој од кога и кој од кого, посетете го прекрасниот Градски музеј во центарот на градот, запознајте се со историјата и традицијата на овој регион според концептот на археологот Цоне Крстевски кој ги откри познатите Винички теракотни икони. Прошетајте по уредениот кеј на Крива Река, новото шеталиште, рекреирајте на Градскиот спортски центар, со тениско, фудбалско и ракометно игралиште, посетете ги духовните храмови во околните села. И уживајте-во прекрасната природа, во лов и риболов. Учествувајте на планинското рели со џипови.

















Одморете се со здрав сон, јадете вкусна и здрава храна.
Дојдете во градот каде се родени браќата Борис и Димитар Арсови кои докторирале на Сорбона, меѓу двете светски војни и узнајте ја нивната трогателна приказна, трауматична како како македонската историја. Дојдете во градот каде се родени светски познатиот уметник Роберт Глигоров, пријател и соработник на Стинг, кој живее во Италија, а во чија биографија на светските јазици стои дека е роден во Крива Паланка, Македонија, сликарот Роберт Цветковски, првиот македонски уметник со самостојна изложба во Кина, режисерот Кирил Ценевски, автор со голем број филмски награди, меѓу кои и тие за неговиот најнаградуван филм „Црно семе" од 1971 година (на фестивалите во Пула, Москва, Авелино, југословенски кандидат за Оскар во 1972 и награда „11 Октомври") со кој Ценевски е влезен во листата на УНЕСКО „Спомени на светот", режисерот (и актер) Владо Денчов со најмногу меѓународни награди за тв-режија во Република Македонија...
Ќе дојдат одново и тие кои замирисале планински цвеќиња, кои виделе срничка, кои виделе диви коњи, кои отепале дива свиња или зајак по околните планини каде некогаш шетале тигри, кои каснале малини набрани на Калин Камен, кои пробале капинки, набрана покрај Крива Река, кои се засладаиле со жолта круша беграм од Црцорија и со круша тупњак што се јаде скапана, кои виделе воденица и валавица на Дурачка и Станечка Река.
Дојдете во градот што го опишал турскиот патописец Евлија Челебија: „Градот што се наоѓа надвор од тврдината има осумстотини куќи покриени со керамиди и шиндра. Тоа е напреден град. (...) Во градот има доволен број продавници. Во сите најмногу се изработуваат железни предмети, така што овде има ковачи што се вистински мајстори. И тука има фабрики за преработка на железна руда. Сите месни жители, рајата и повластените граѓани, се занимаваат со производство на железна руда. Климата е добра, а водата не е толку пријатна, бидејќи доаѓа од железните рудници. Планината Крива Река (веројатно мислел на Осогово). Тоа е толку висока планина, небаре се соединува со небото, а се наоѓа меѓу Кратово и Крива Река. Во неа има стебла што се толку високи и достигат до врвот на небото. Толку високи стебла се наоѓаат можеби само уште во планината Уна (во Босна) и Церника ( во Славонија).
И Кривопаланчани одново ќе ве пречекаат со слатка од овошје:речел, слатко од тикви, од зелени домати (мали) со ореви, од трендафилов цвет, од дуњи, капини, малини, со мрмелада од шипинки подготвена според стар автентичен рецепт.... И со сок или чај, благодет за за срце, од бозел (бс на кривопаленечки, како што се вика и едно село), со сок од дренки и боровинки.
Обврзно – посетете го манастирот „Свети Јоаким Осоговски", еден од најубавите манастири во Република Македонија.
Манастир Свети Јоаким Осоговски
-Господе мој, слушнав за светиот отец наш Јоаким, кој живее во пазувите на Осоговските Планини, на местото наречено Сарандопор, со неговите свети молитви и со Божјата помош и мене кутриот ми се посака на ова место и со неговите молитви Господ и нашите чекори да ги упати кон исполнувањето на Божјите заповеди.
-Оди чедо, со мир Божји, со благодети.
Се разбуди Теодор од сонот и разбра какво видание и каков благослов прими, го прослави Бога и светиот и не кажа што виде. И дојде пак во спомнатото место, се насели таму и рече:
-Овде е покојот мој за цел век, овде ќе се населам бидејќи го засакав ова место.

По малку време, откако Теодор се замонашил и го добил името Теофан како прв игумен, со помош на месното население ја изградил првата манастирска црква. Чинот на основањето на Осоговскиот Манастир се случил така како што било запишано. Педесет години од упокојувањето на светителот, неговите мошти Теофан ги поставил во саркофаг во внатрешноста покрај западниот дел на црквата, каде што и ден денес ја искажуваат својата исцелителна и лечебна моќ.

Дело на Дамјанов и Папрадишки

Кривопаланчани на својот заштитник му изградиле манастир на местото што светецот на неколку луѓе им го кажал на сон – каде што тој ќе го фрлел својот испоснички стап. Таму каде што го пронашле стапот бликнал извор со исцелнителни и лечебни својства, кој не пресушил до денес.
Манастирот „Свети Јоаким Осоговски" е изграден во времето на Византискиот император Манојло, меѓу 1143-1180 година. Денес постојат два храма. Помалиот, црквичката „Рожденство на Пресвета Богородица", според некои сознанија е изградена во ЏИИ век, но Антонио Николовски ја датира од ЏИВ или од ЏВИ, односно ЏВИИ век. Најверојатно, црквата е возобновена во ЏИВ век врз старите темели кога е и живописана. Иконостасот во црквата Света Богородица е возобновен. Направена е нова рам-конструкција во 1998 година, врз која се фрагменти од стариот иконостас, постојните царски двери и големиот крст со придружните икони. Работите на иконостасот ги изведе мајсторот Коле Тасков од Крива Паланка.
Се претпоставува дека големиот храм, посветен на Свети Јоаким Осоговски е изграден (1847/51 г.) на темелите на првиот храм. Градбата му била доверена на широко прочуениот неимар на Балканот Андреј Дамјанов, а користен е делкан камен, носен од Камнеш, Ранковци.
По оштетувањето во 1909 година, црквата, посветена на светецот, била обновена, според идејно и техничко решение за иконостасот на Димитрие Андонов- Папрадишки, кој насликал и повеќе икони на иконостасот, а. во 1932 година. повторно бил ангажиран за возобновување. Работите, под надзор на Папрадишки, ги извел Стојан Трајковски, мајстор од село Кркља. Поголемиот дел од иконостасните икони се дело на Димитар Андонов-Папрадишки, а еден дел од непознати автори. Осум икони за иконостасот изработил и Никола Михаилов, зограф од Крушево. Во 1980 година е извршена конзервација на царските двери. Овој процес го извеле конзерваторите Богдан Таневски и Соколе Шутиновски, а во 1990 година спроведена е последната фаза на возобновување на црквата од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.
На љубопитниците, кои пто имаат желба да узнат повеќе за манастирот и светецот, најтопло им ја препорачувам монографијата „Десет века Свети Јоаким Осоговски", објавена во 2005 година, од авторот, настојател во манастирот, проф. д-р Јордан Михајловски и книгата „Култот на Свети Јоаким Осоговски во македонската писмена и народна традиција" од проф. д-р Маја Јакимовска –Тошиќ, објавена во 1997 година.

Речи не слушам ништо

Верувањето на луѓето од кривопаланечко, па и од околните региони, во моќта на Свети Јоаким Осоговски се огледа во повеќе преданија. Народната традиција го поврзува со Свети Јован Рилски, Свети Прохор Пчински и Свети Гаврил Лесновски, (за кој постојат претпоставки дека е роден во кривопаланечкото село Осиче) кои во житието на Свети Јоаким Осоговски се „чесна четворка, богоизбрано друштво ..."
За моќта на светецот говорат и честите посети на манастирот. Доаѓаат луѓе, од разни страни, со

години, со векови, и денес, со подароци и молитви, преспивајќи до гробот на светецот, да побараат здравје и милост Божја. Особено на денот на светецот, ден по прославата на Успението на Пресвета Богородица (Голема Богородица), кога доаѓаат и повеќе од 20.000 луѓе.

Овој чудесен манастир ме обзема од детството. Неговиот рајски предел: бујни шуми наоколу, секаде зеленило, води што чиниш бликаазт од сите страни, ги буди секому подзаспаните чувства од урбаната брзаница. Свежиот воздух ги исполнува градите со чистина, го разбиструва умот, а телото се опушта во хармонија, дошепната од природата, со трепетот на лисјата, спотнати од благото ветре што постојано дува долу во Бабин Дол, со појот на птиците и сончевите милувања. И сега, во секоја пригода, кога тоа е можно, го посетувам ова свето место што зрачи со духовна сила, со неопислива природна убавина и високоуметнички градби во духот на најсветлата традиција во Македонија..Затоа, Ви велам, дојдете во манастирот „Свети Јоаким Осоговски" оти тука можете да го застанете времето за миг, можете да ги доживеете минатото, сегашноста и иднината, да „видите" како луѓе, војски, испосници, исповедници... од различни епохи се „среќаваат" тука, на едно место, додека жуборат бистрите манастирски води, замаени од опојниот мирис на планинските цвеќиња и лековити билки што растат секаде наоколу.

Мир и спокој! Мир и спокој, во прегратките на неосквренатата Мајка Природа, во двата свети храма, во конаците, трпезаријата, ресторанот, на клупите на манастирските платоа накачени на осоговската планина. Насекаде во овој раскошен манастирски комплекс, секако еден од најпространите и најубавите не само во Македонија туку и на Балканот.

Дојдете и на квечерина, навечер, кога човечките гласови ќе стивнат и восхитувајте се на тишината, на божествената убавина. На глувоста што ви ги стишува нервозите набрани под градите. Замијте се и напијте се од светата лечебна вода што извира во малата црква, посветена на Мајката Божја. И, потем, кога од умот ќе ви излезат сликите од градската бучава и вревата на секојдневицата, ќе ја заловите длабочината на античкиот стих: „Не вели никогаш тишинае! Речи не слушам ништо!

Доаѓам поначесто, колку што можам, и ми навираат спомените од детството.

Кога ќе се расположеше паланечкиот зет - актерот Димитар Гешовски, ќе седнеше на лединката над манастирот „Јоаким Осоговски" и група музичари, локални Роми, што ја предводеше Скопски, по негова нарачка му свиреше „Изгубено јагне". Нешто како претстава, мјузикл... Ќе се разнебитисаа наоколу музичарите, по негова наредба, секој на своја страна. Некои дури и не се гледаа од зад џбунчињата. Се довикуваа со инструментите кои плачеа како млади срнчиња, и се прибираа кон задоволниот уметник кој знаеше да ја живее тагата, додека Скопски му дуваше во увото, и кој одново ги драчеше: „Ајде, уште еднаш!".

Автентично обновени објекти

Познавам луѓе кои се „зависници" од манастирот. Такви се проф. д-р Анета Стефановска и д-р Ѓани Јуричич. Ќе се подберат од белиот свет, дали од северниот Ланкастер, од Љубљана, од нивното гнездо во Муртер на Истра, од каде и да е, од која и да е страна на светот и право во Крива Паланка. И, прво нешто- веднаш во манастирот.

При секоја нова средба со манастирот „Свети Јоаким Осоговски" се изненадувам и се воодушевувам. Се нешто ново доградено, возобновено.... Не така одамна во манастирски комплекс се реновирани кршталницата и стариот конак и реконструирана е камбанаријата, изградена во

1929 година. Со донација од Светска банка и Министерството за култура, а по проект од градежниот инжинер Предраг Велиновски и архитектот Стевче Ристовски,(со кого триевме исти клупи на училиште) се возобновени два амбари, изградени 1897 и 1905 година. и преуредени за престој на гости според највисоки хотелски стандарди. Манастирот ја задржува автентичноста со обновените објекти, а едновремено се подобруваат условите што привлекува голем број гости од земјава и од странство.

По подигнувањето, манастирот постојано привлекувал внимание, при што бил посетуван од важни историски личности. Меѓу нив Стеван Дечански и турскиот султан Мехмед ИИ. Така е и денес. Годишно комплексот го посетуваат околу 200 илјади гости. Доаѓаат организирани групи од Бугарија, Русија, Србија, Велика Британија, Турција... Бидете дел од нив. Проверете зошто многу често тука престојуваат странски амбасадори и други дипломати.

Свилена ткаенина со вез и со злато извезено платно

Евлија Челебија, воодушевен од реката што извира на планината Осогово, што ја нарекува Крива Река, вели дека „небаре се соединува со небото" и неодминливо кажува за манастирот „Свети Јоаким Осоговски".

„На највисокиот врв од таа планина се наоѓа висок манастир кој, според мислењето на христијаните, бил седиште на светиот Симеон; самата градба сведочи дека тоа навистина е стар споменик. Многубројни калуѓери и нивните слуги ги послужуваат патниците и намерниците. Во нивните куќи има стотици душеци и јоргани од диба (свилена ткаенина со вез), и со злато извезено платно. Сите тие душеци и јоргани се направени од скапоцени ткаенини. Овде секоја вечер доаѓаат до 200 пешаци и коњаници; тука ќе се најадат и ќе се напијат и на секој поединец ќе му се укаже чест и икрам ( гостољубие). Интересен е обичајот што овде е установен: на секој гостин при неговото заминување обврзно му се дава подарок според неговот достоинство. Крива Река е виден кадилак, во рангот на кадилак од сто и педесет акчи. Бидејќи и овој старински манастир спаѓа во нахијата на тој кадилак, поповите му даваат на кадијата од тој кадилак – 500 гроша и пет коли детелина како подарок.."

Со векови некои нешта не се менуваат..И во времето на Челебија било исто како и денес, кој намерник ќе дојде во Крива Паланка задолжително го посетувал манастирот „Јоаким Осоговски", скапоцен бисер на градите во Република Македонија.

Во патописот од 1683 година Арсение Черноевиќ ги наведуват конаците каде престојувал со придружниците. Откако коначеле во Славишко поле, („поле изобилно со секакви потреби и добро ни беше.") во село Радибужд, петтиот конак на нивниот пат бил „во Паланка, во Крива Река, во метохот манастирски и тука арач даде игуменот кир Герасим Осоговски и вети дека ќе дојде со нас на поклонение на светиот гроб, но ѓаволот стори пакост и не дојде."

Змејот се распрснал пред силата на крстот

До манстирот, на падините на Осоговските Планини на три километри од Крива Паланка,, води асфалтен кривулестиот пат. Во комплекост има два уредени паркинзи за автомобили. Но, препорачувам пешачење. Од почит кон светецот и затоа што тоа е посебно доживување. Барем од половината на патот, од Големата кривина. Оттука ќе го прецапате Бабин дол и ете сте веднаш кај пештерата во која во мир долги години се подвизувал светецот. Ова место се вика Крст, оти пред Свети Јоаким се појавил нечестивиот во облик на змеј. Светецот со крстот в раце тргнал напред. Змејот буквално се распрснал пред силата на крстот. Тука веднаш се појавил извор на Света вода, која е лечебна и не

пресушила до ден денес повеќе од десет века. Отука, по козја патека, што се вели, за кратко ќе се искачите низ угорницата скоро на ниво на манастирот и од тука бргу-бргу еве сте во манастирот. Ако ви се посреќи ќе го сретнете Проторej - ставрофор.Добрислав Бошковски, кој ќе ви го каже преданието во кое е потенцирана заштитната функција на светецот врз својот манастир во турскиот период. За нишанот, заштитниот знак, поставен од Турците (што и денес стои) по налог од царските порти од Стамбол. Од 1990 година до денес Бошковски е старешина на Манастирот и активно е вклучен во акциите за собирање пари за ревитализација (изградбата на новиот конак) и за функционирање на Манастирот.

Домаќинот, ипоѓакон Александар Стефановски, секако ќе го сретнете. Тој ќе се погрижи да се сместите во некој од петте конаци со капацитет од 110 легла, вбројуваќи ги тука и апартманите во Владиковиот конак, наменети за гостите на Митрополитот на Полошко- кумановската епархија.( Репрезентативната трпезарија на овој конак се користи и за состаноци) Ноќевањето во двокреветните соби, со бања и тоалет чини 500 денари, а за преспивање во собите со две, три и четири легла по 300 денари. Во половина од манастирски комплекс веќе има парно греење. Стариот конак со реконструкција доби и тушеви. Денес е место за најголемите културни манифестации: Меѓународната ликовна колонија и Школата за архитектура. Тука е сместена и Ликовната галерија. Тука се сместуваат и учесниците на Меѓународниот фолклорен фестивал и Меѓународниот татарски фестивали. Сите овие манифестации го носат името на светителот.

Може да се сместите и во Новиот конак, осветен во 2002 година од Митрополитот Кирил, архитектонското решение на архитект Стевче Ристовски во духот стара градска куќа. На катот има пет апартмани со висок стандард. Во приземјето е сместен амбиентален манастирски ресторан каде ќе ве пречекаат со традицонална храна- манастирско грне, зелник, качамак, мекици, македонски салати и тави, гравче, чорби и скара.

Две простории за сместување на гости има и во новиот конак на Горното собориште, во духот на традицијата, архитектонското и изведбеното решение на инж. Предраг Велиновски.

Во ресторанот и бифето во два, од петте конаци се изложени манастирски предмети: книги, икони, документи но и етнолошки материјал со потекло од околината, машки и женски народни носии.

**ОРАГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР:**
**Арсенчо Алексовски - *претседател***
**Страшко Милошевски - *уметнички директор***
**Антонио Давитковски - *координатор***
**Александар Рангелов - *член***
**Лилјана Стојановска - *член***
**Лидија Митовска - *член***

***Фотографија:* Ѓорѓи Костовски**
***Визуелен идентитет на фестивалот:* Стојанче Величковски**
***Дизајн и печат:* „ЕВРОПА `92“ - Кочани**



МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
Свети ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ
Крива Паланка
INTERNATIONAL THEATRE FESTIVAL
II - МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
Свети Јоаким Осоговски
15-21 септември КРИВА ПАЛАНКА
Гоце Ристовски
5 години
5-ти МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
"Свети ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ"
Крива Паланка 15-22 септември 2013
БАЛКАНОТ НИЗ ТЕАТАРСКА ИГРА
III - МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТ
Свети Јоаким
КРИВА ПАЛАНКА
15-21 септември 2011
III-INTERNATIONAL THEATRE FESTIVAL
15-22 септември 2012
Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски" – Крива Паланка
THEATRE INTERNATIONAL FESTIVAL